До Државната комисија за спречување на корупцијата, доставено е Барање за мислење од ООУ„ Димитар Миладинов“ Скопје, со кое од Државната комисија се бара мислење дали може исто лице кое е претседател на Советот на родители да биде и претседател на Училишниот одбор, односно дали постои кумулација на функции во една личност. За истата ситуација посочуваат дека досега било воспоставена практика во сите училишта да не биде истото лице на двете функции.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година и бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Согласно член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „Под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.

Имајќи ги во предвид член 108 став (1) и член 127 член (4) од Законот за основното образование (“Службен весник на РСМ“ бр.161/19, бр.229/20, бр.3/25, бр.74/25 и бр.250/25), кои ја регулираат наделжноста на Советот на родители и Училишниот одбор во основно училиште, Државната комисија смета дека исто лице не треба да биде дел од двата органи со оглед на тоа дека советот на родители дава мислење за предлогот на програмата за развој на основното училиште и за годишната програма за работа, како и расправа за извештајот за работата на училиштето, разгледува жалби на родителите односно старателите во врска со воспитно-образовната работа, избира претставници во училишниот одбор на основното училиште, а од друга страна училишниот одбор предлага годишна програма за работа и извештај за работа на основното училиште, донесува Развојна програма на училиштето, одлучува по приговорите и жалбите на вработените во основното

училиште, одлучува по жалбите на ученици, родители, односно старатели на ученици.

Имено, едно лице од две различни позиции доколку за иста работа има право да носи одлуки може да доведе до влијание врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности, а со тоа да го прекрши и Начелото на интегритет.

Член 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси - Начело на интегритет:
„(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.
(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.
(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице“.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**